**20220030035**

## ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 став 1 точка 3, а во врска со член 68-а и член 69 став 1 од Законот за здравствено осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија бр број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016, 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/2019, 77/2021 и 285/2021), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на седницата одржана на 30 декември 2021 година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ ДОГОВОРИ И НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДИЈАЛИЗЕН ТРЕТМАН ВО СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО–КОНСУЛТАТИВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Правилникот за критериумите за склучување договори и начинот на плаќање на здравствени услуги за вршење на дијализен третман во специјалистичко – консултативната здравствена заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 110/2021), во член 3 се додава нов став 2 кој гласи:

„Доколку во договорот за доделување на лиценца за вршење на здравствена дејност во мрежата на здравствени установи, како и во решението за дозвола за работа издадени од Министерството за здравство, е наведена обврската да се воведе хемодијафилтрација како метод на лекување, врз основа на медицина базирана на докази, здравствената установа истата може да ја пружа на товар на средствата на Фондот.“

Ставовите 2 и 3 стануваат ставови 3 и 4.

Член 2

По членот 4 се додава нов наслов и нов став 4-а кои гласат:

„Дијализен метод на лекување–хемодијафилтрација”

Член 4-а

Хемодијафилтрацијата како метод на лекување, здравствената установа од член 3 став 2, може да ја спроведе на товар на средствата на Фондот на 10% од постојните осигурени лица на дијализа во соодветната здравствена установа.

Правото на хемодијафилтрација, времените пациенти го остваруваат во здравствената установа каде се регистрирани како постојани пациенти.

Референтната цена на вршење на хемодијафилтрација се утврдува со Одлука на Управниот одбор на Фондот.

Здравствената установа до подрачната служба на Фондот доставува фактура за извршени пакети на здравствени услуги по референтна цена за хемодијализен третман и за третман со хемодијафилтрација.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија ", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-19266/1
31 декември 2021 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
д-р **Ридван Асани,** с.р.